Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за животна средина и просторно планирање** | **Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1363/2021

Дата: 14 -09- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, КП 253, КП 254/1 и КП 255/1, м.в. Чешма, КО Агино Село, Општина Куманово.** Површината на планскиот опфат изнесува 2,43 ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y21421** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, КП 253, КП 254/1 и КП 255/1, м.в. Чешма, КО Агино Село, Општина Куманово, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (“Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 37392, до Агенцијата за планирање на просторот за изработка на Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, КП 253, КП 254/1 и КП 255/1, м.в. Чешма, КО Агино Село, Општина Куманово.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, КП 253, КП 254/1 и КП 255/1, м.в. Чешма, КО Агино Село, Општина Куманово и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1363/2021 од 14.09.2021 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, КП 253, КП 254/1 и КП 255/1, м.в. Чешма, КО Агино Село, Општина Куманово претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска